МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА



# ГРАЃАНИТЕ И ОПШТИНАТА




ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

ДА ОДЛУЧУВАМЕ ЗА СЕБЕ

# ОПШТИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | Име на општина | Население | Површина км$^2$ | Населени места |
|---|---|---|---|---|
| 1 | АРАЧИНОВО | 11597 | 31,30 | 4 |
| 2 | БЕРОВО | 13941 | 598,07 | 9 |
| 3 | БИТОЛА | 95385 | 787,95 | 66 |
| 4 | БОГДАНЦИ | 8707 | 114,54 | 4 |
| 5 | БОСИЛОВО | 14260 | 161,99 | 16 |
| 6 | БРВЕНИЦА | 15855 | 164,30 | 10 |
| 7 | ВАЛАНДОВО | 11890 | 331,40 | 29 |
| 8 | ВАСИЛЕВО | 12122 | 230,40 | 18 |
| 9 | ВЕВЧАНИ | 2433 | 22,80 | 1 |
| 10 | ВЕЛЕС | 55108 | 427,45 | 29 |
| 11 | ВИНИЦА | 19938 | 432,67 | 16 |
| 12 | ВРАНЕШТИЦА | 1322 | 109,13 | 15 |
| 13 | ВРАПЧИШТЕ | 25399 | 157,98 | 15 |
| 14 | ГЕВГЕЛИЈА | 22988 | 483,43 | 17 |
| 15 | ГОСТИВАР | 81042 | 513,39 | 35 |
| 16 | ГРАДСКО | 3760 | 236,19 | 16 |
| 17 | ДЕБАР | 19542 | 145,67 | 18 |
| 18 | ДЕБАРЦА | 5507 | 425,39 | 30 |
| 19 | ДЕЛЧЕВО | 17505 | 422,39 | 22 |
| 20 | ДЕМИР КАПИЈА | 4545 | 311,06 | 15 |
| 21 | ДЕМИР ХИСАР | 9497 | 480,13 | 41 |
| 22 | ДОЈРАН | 3426 | 129,16 | 13 |
| 23 | ДОЛНЕНИ | 13568 | 412,43 | 37 |
| 24 | ДРУГОВО | 3249 | 383,24 | 28 |
| 25 | ЖЕЛИНО | 24390 | 201,04 | 18 |
| 26 | ЗАЈАС | 11605 | 161,08 | 13 |
| 27 | ЗЕЛЕНИКОВО | 4077 | 176,95 | 14 |
| 28 | ЗРНОВЦИ | 3264 | 55,82 | 3 |
| 29 | ИЛИНДЕН | 15894 | 97,02 | 12 |
| 30 | ЈЕГУНОВЦЕ | 10790 | 176,93 | 17 |
| 31 | КАВАДАРЦИ | 38741 | 992,44 | 40 |
| 32 | БОГОВИЊЕ | 28997 | 141,65 | 14 |
| 33 | КАРБИНЦИ | 4012 | 229,70 | 29 |
| 34 | КИЧЕВО | 30138 | 49,14 | 7 |
| 35 | КОНЧЕ | 3536 | 233,05 | 14 |
| 36 | КОЧАНИ | 38092 | 360,36 | 28 |
| 37 | КРАТОВО | 10441 | 375,44 | 31 |
| 38 | КРИВА ПАЛАНКА | 20820 | 480,81 | 34 |
| 39 | КРИВОГАШТАНИ | 6150 | 93,57 | 13 |
| 40 | КРУШЕВО | 9684 | 190,68 | 19 |
| 41 | КУМАНОВО | 105484 | 509,48 | 48 |
| 42 | ЛИПКОВО | 27058 | 267,82 | 22 |
| 43 | ЛОЗОВО | 2858 | 166,32 | 11 |
| 44 | МАВРОВО И РОСТУША | 8618 | 663,19 | 42 |
| 45 | М. КАМЕНИЦА | 8110 | 190,37 | 9 |
| 46 | МАКЕДОНСКИ БРОД | 7141 | 888,97 | 51 |
| 47 | МОГИЛА | 6710 | 255,62 | 23 |
| 48 | НЕГОТИНО | 19212 | 426,46 | 19 |
| 49 | НОВАЦИ | 3549 | 753,53 | 41 |
| 50 | НОВО СЕЛО | 11567 | 237,83 | 16 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 47 | МОГИЛА | 6710 | 255,62 | 23 |
| 48 | НЕГОТИНО | 19212 | 426,46 | 19 |
| 49 | НОВАЦИ | 3549 | 753,53 | 41 |
| 50 | НОВО СЕЛО | 11567 | 237,83 | 16 |
| 51 | ОСЛОМЕЈ | 10420 | 121,09 | 16 |
| 52 | ОХРИД | 55749 | 389,93 | 29 |
| 53 | ПЕТРОВЕЦ | 8255 | 201,93 | 16 |
| 54 | ПЕХЧЕВО | 5517 | 208,20 | 7 |
| 55 | ПЛАСНИЦА | 4545 | 54,44 | 4 |
| 56 | ПРИЛЕП | 76768 | 1194,44 | 59 |
| 57 | ПРОБИШТИП | 16193 | 325,57 | 36 |
| 58 | РАДОВИШ | 28244 | 497,48 | 36 |
| 59 | РАНКОВЦЕ | 4144 | 240,71 | 18 |
| 60 | РЕСЕН | 16825 | 550,77 | 44 |
| 61 | РОСОМАН | 4141 | 132,90 | 10 |
| 62 | СВЕТИ НИКОЛЕ | 18497 | 482,89 | 33 |
| 63 | СОПИШТЕ | 5656 | 222,10 | 13 |
| 64 | СТАРО НАГОРИЧАНЕ | 4840 | 433,41 | 39 |
| 65 | СТРУГА | 63376 | 483,00 | 51 |
| 66 | СТРУМИЦА | 54676 | 321,49 | 25 |
| 67 | СТУДЕНИЧАНИ | 17246 | 276,16 | 19 |
| 68 | ТЕАРЦЕ | 22454 | 136,54 | 13 |
| 69 | ТЕТОВО | 86580 | 261,89 | 20 |
| 70 | ЦЕНТАР ЖУПА | 6519 | 107,21 | 23 |
| 71 | ЧАШКА | 7673 | 819,45 | 42 |
| 72 | ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО | 7490 | 132,20 | 14 |
| 73 | ЧУЧЕР - САНДЕВО | 8493 | 240,78 | 12 |
| 74 | ШТИП | 47796 | 583,24 | 44 |
| 75 | АЕРОДРОМ | 72009 | 21,85 | 1 |
| 76 | БУТЕЛ | 37371 | 54,79 | 4 |
| 77 | ГАЗИ БАБА | 72617 | 110,86 | 13 |
| 78 | ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 41634 | 66,93 | 6 |
| 79 | КАРПОШ | 59666 | 35,21 | 2 |
| 80 | КИСЕЛА ВОДА | 57236 | 34,24 | 2 |
| 81 | САРАЈ | 35408 | 229,06 | 22 |
| 82 | ЦЕНТАР | 45362 | 7,52 | 1 |
| 83 | ЧАИР | 64823 | 3,52 | 1 |
| 84 | ШУТО ОРИЗАРИ | 20800 | 7,48 | 1 |

## ГРАД СКОПЈЕ

Население - 506 926

Површина - 571 км$^2$

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Население - 2 022 547

Површина - 25 713 км$^2$

**ГРАЃАНИТЕ ИМААТ, СО УСТАВ, ЗАГАРАНТИРАНО ПРАВО НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**ОПШТИНАТА Е ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

**ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ТЕРИТОРИЈАЛНО Е ОРГАНИЗИРАНА ВО 84 ОПШТИНИ, ОД КОИ 10 ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ**

**СИТЕ ОПШТИНИ ИМААТ ЕДНАКВИ НАДЛЕЖНОСТИ**

**ОПШТИНАТА СВОИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ ГИ ИЗВРШУВА ПРЕКУ ОРГАНИТЕ ИЗБРАНИ НЕПОСРЕДНО ОД ГРАЃАНИТЕ**

**ГРАЃАНИТЕ ГО ОСТВАРУВААТ ПРАВОТО НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НЕПОСРЕДНО И ПРЕКУ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА**

**ГРАДОТ СКОПЈЕ Е ПОСЕБНА ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО КОЈА СЕ ОСТВАРУВААТ ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ НА ГРАЃАНИТЕ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД КАРАКТЕРОТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ, КАКО ГЛАВЕН ГРАД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

- Најголема општина во Република Македонија, според бројот на населението, е Куманово, со 105 484 жители.
- Најмали се Вранештица, со 1 322 жители и Вевчани со 2 433 жители.
- Според територијата, најголема општина е Прилеп, со 1 198 км квадратни.
- Најмала е Вевчани со 23 км квадратни..
- Од општините во градот Скопје, најмногу жители има Гази Баба, 72 617, а најмалку Шуто Оризари, 20 800 жители.
- Најголема по територија е општина Сарај, со 229 км квадратни, а најмала Чаир, со 3,5 км квадратни.

Од вкупно 84 општини:

- 16 имаат помалку од 5000 жители;
- 16 општини, се со население од 5 000 до 10 000 илјади жители.
- 21 општина имаат од 10 000 до 20 000 жители;
- 17 општини имаат од 20 000 до 50 0000 жители;
- 13 општини имаат од 50 000 до 100 000 жители;
- Само една, општина Куманово, има над 100 000 жители.

Во Република Македонија има вкупно 1 767 населени места.
Општина со најголем број на населени места, 66, е Битола.

Во 32 општини, покрај македонскиот, во официјална употреба е и јазикот и писмото на етничката заедница која во општината е застапана со над 20%.

- Во 28 од овие општини, покрај македонскиот во официјална употреба е и албанскиот јазик,
- во 4 и турскиот и
- во по една и српскиот и ромскиот јазик.

Во 19 од споменатите 32 општини, припадниците на немнозинските заедници на централно ниво, се застапени со над 50%. Тоа се општините: Арачиново, Брвеница, Врапчиште, Гостивар, Дебар, Желино, Зајас, Боговиње, Липково, Осломеј, Пласница, Струга, Студеничани, Теарце, Тетово, Центар Жупа, Сарај, Чаир и Шуто Оризари.

Прописите што се однесуваат на културата, употребата на писмата и на јазиците на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината (т.н. “бадентерово мнозинство”). Со т.н. “бадентерово мнозинство” се одлучува и при определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови.

| Ред. бр. | Име на општината | Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за националната припадност, по општини | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Власи | | Срби | | Бошњаци | | Останати | |
| | | | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| **Р. МАКЕДОНИЈА** | | **2022547** | **1297981** | **64.18** | **509083** | **25.17** | **77959** | **3.85** | **53879** | **2.66** | **9695** | **0.48** | **35939** | **1.78** | **17018** | **0.84** | **20993** | **1.04** |
| 1 | АРАЧИНОВО | 11597 | 596 | 5.14 | 10879 | 93.81 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 1 | 0.01 | 10 | 0.09 | 65 | 0.56 | 46 | 0.40 |
| 2 | БЕРОВО | 13941 | 13335 | 95.65 | 0 | 0.00 | 91 | 0.65 | 459 | 3.29 | 6 | 0.04 | 20 | 0.14 | 3 | 0.02 | 27 | 0.19 |
| 3 | БИТОЛА | 95385 | 84616 | 88.71 | 4164 | 4.37 | 1610 | 1.69 | 2613 | 2.74 | 1270 | 1.33 | 541 | 0.57 | 21 | 0.02 | 550 | 0.58 |
| 4 | БОГДАНЦИ | 8707 | 8093 | 92.95 | 2 | 0.02 | 54 | 0.62 | 1 | 0.01 | 5 | 0.06 | 525 | 6.03 | 0 | 0.00 | 27 | 0.31 |
| 5 | БОСИЛОВО | 14260 | 13649 | 95.72 | 0 | 0.00 | 495 | 3.47 | 24 | 0.17 | 0 | 0.00 | 8 | 0.06 | 0 | 0.00 | 84 | 0.59 |
| 6 | БРВЕНИЦА | 15855 | 5949 | 37.52 | 9770 | 61.62 | 2 | 0.01 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 78 | 0.49 | 1 | 0.01 | 55 | 0.35 |
| 7 | ВАЛАНДОВО | 11890 | 9830 | 82.67 | 0 | 0.00 | 1333 | 11.21 | 32 | 0.27 | 1 | 0.01 | 639 | 5.37 | 1 | 0.01 | 54 | 0.45 |
| 8 | ВАСИЛЕВО | 12122 | 9958 | 82.15 | 0 | 0.00 | 2095 | 17.28 | 5 | 0.04 | 1 | 0.01 | 4 | 0.03 | 1 | 0.01 | 58 | 0.48 |
| 9 | ВЕВЧАНИ | 2433 | 2419 | 99.42 | 3 | 0.12 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 1 | 0.04 | 3 | 0.12 | 0 | 0.00 | 7 | 0.29 |
| 10 | ВЕЛЕС | 55108 | 46767 | 84.86 | 2299 | 4.17 | 1724 | 3.13 | 800 | 1.45 | 343 | 0.62 | 540 | 0.98 | 2406 | 4.37 | 229 | 0.42 |
| 11 | ВИНИЦА | 19938 | 18261 | 91.59 | 0 | 0.00 | 272 | 1.36 | 1230 | 6.17 | 121 | 0.61 | 32 | 0.16 | 0 | 0.00 | 22 | 0.11 |
| 12 | ВРАНЕШТИЦА | 1322 | 1033 | 78.14 | 10 | 0.76 | 276 | 20.88 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 2 | 0.15 | 0 | 0.00 | 1 | 0.08 |
| 13 | ВРАПЧИШТЕ | 25399 | 1041 | 4.10 | 21101 | 83.08 | 3134 | 12.34 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 4 | 0.02 | 8 | 0.03 | 111 | 0.44 |
| 14 | ГЕВГЕЛИЈА | 22988 | 22258 | 96.82 | 8 | 0.03 | 31 | 0.13 | 13 | 0.06 | 214 | 0.93 | 367 | 1.60 | 5 | 0.02 | 92 | 0.40 |
| 15 | ГОСТИВАР | 81042 | 15877 | 19.59 | 54038 | 66.68 | 7991 | 9.86 | 2237 | 2.76 | 15 | 0.02 | 160 | 0.20 | 39 | 0.05 | 685 | 0.85 |
| 16 | ГРАДСКО | 3760 | 2924 | 77.77 | 125 | 3.32 | 71 | 1.89 | 127 | 3.38 | 0 | 0.00 | 23 | 0.61 | 465 | 12.37 | 25 | 0.66 |
| 17 | ДЕБАР | 19542 | 3911 | 20.01 | 11348 | 58.07 | 2684 | 13.73 | 1080 | 5.53 | 2 | 0.01 | 22 | 0.11 | 3 | 0.02 | 492 | 2.52 |
| 18 | ДЕБАРЦА | 5507 | 5324 | 96.68 | 153 | 2.78 | 2 | 0.04 | 0 | 0.00 | 1 | 0.02 | 8 | 0.15 | 0 | 0.00 | 19 | 0.35 |
| 19 | ДЕЛЧЕВО | 17505 | 16637 | 95.04 | 7 | 0.04 | 122 | 0.70 | 651 | 3.72 | 4 | 0.02 | 35 | 0.20 | 0 | 0.00 | 49 | 0.28 |
| 20 | ДЕМИР КАПИЈА | 4545 | 3997 | 87.94 | 23 | 0.51 | 344 | 7.57 | 16 | 0.35 | 0 | 0.00 | 132 | 2.90 | 1 | 0.02 | 32 | 0.70 |
| 21 | ДЕМИР ХИСАР | 9497 | 9179 | 96.65 | 232 | 2.44 | 35 | 0.37 | 11 | 0.12 | 7 | 0.07 | 13 | 0.14 | 2 | 0.02 | 18 | 0.19 |
| 22 | ДОЈРАН | 3426 | 2641 | 77.09 | 17 | 0.50 | 402 | 11.73 | 59 | 1.72 | 3 | 0.09 | 277 | 8.09 | 2 | 0.06 | 25 | 0.73 |
| 23 | ДОЛНЕНИ | 13568 | 4871 | 35.90 | 3616 | 26.65 | 2597 | 19.14 | 13 | 0.10 | 0 | 0.00 | 16 | 0.12 | 2380 | 17.54 | 75 | 0.55 |
| 24 | ДРУГОВО | 3249 | 2784 | 85.69 | 155 | 4.77 | 292 | 8.99 | 1 | 0.03 | 0 | 0.00 | 8 | 0.25 | 0 | 0.00 | 9 | 0.28 |
| 25 | ЖЕЛИНО | 24390 | 71 | 0.29 | 24195 | 99.20 | 2 | 0.01 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 1 | 0.00 | 5 | 0.02 | 116 | 0.48 |
| 26 | ЗАЈАС | 11605 | 211 | 1.82 | 11308 | 97.44 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 6 | 0.05 | 0 | 0.00 | 80 | 0.69 |
| 27 | ЗЕЛЕНИКОВО | 4077 | 2522 | 61.86 | 1206 | 29.58 | 1 | 0.02 | 92 | 2.26 | 1 | 0.02 | 45 | 1.10 | 191 | 4.68 | 19 | 0.47 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | ЗРНОВЦИ | 3264 | 3247 | 99.48 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 13 | 0.40 | 2 | 0.06 | 0 | 0.00 | 2 | 0.06 |
| 29 | ИЛИНДЕН | 15894 | 13959 | 87.83 | 352 | 2.21 | 17 | 0.11 | 428 | 2.69 | 1 | 0.01 | 912 | 5.74 | 0 | 0.00 | 225 | 1.42 |
| 30 | ЈЕГУНОВЦЕ | 10790 | 5963 | 55.26 | 4642 | 43.02 | 4 | 0.04 | 41 | 0.38 | 0 | 0.00 | 109 | 1.01 | 1 | 0.01 | 30 | 0.28 |
| 31 | КАВАДАРЦИ | 38741 | 37499 | 96.79 | 2 | 0.01 | 167 | 0.43 | 679 | 1.75 | 27 | 0.07 | 218 | 0.56 | 4 | 0.01 | 145 | 0.37 |
| 32 | БОГОВИЊЕ | 28997 | 37 | 0.13 | 27614 | 95.23 | 1183 | 4.08 | 5 | 0.02 | 0 | 0.00 | 1 | 0.00 | 9 | 0.03 | 148 | 0.51 |
| 33 | КАРБИНЦИ | 4012 | 3200 | 79.76 | 0 | 0.00 | 728 | 18.15 | 2 | 0.05 | 54 | 1.35 | 12 | 0.30 | 0 | 0.00 | 16 | 0.40 |
| 34 | КИЧЕВО | 30138 | 16140 | 53.55 | 9202 | 30.53 | 2430 | 8.06 | 1630 | 5.41 | 76 | 0.25 | 86 | 0.29 | 7 | 0.02 | 567 | 1.88 |
| 35 | КОНЧЕ | 3536 | 3009 | 85.10 | 0 | 0.00 | 521 | 14.73 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 3 | 0.08 | 0 | 0.00 | 3 | 0.08 |
| 36 | КОЧАНИ | 38092 | 35472 | 93.12 | 1 | 0.00 | 315 | 0.83 | 1951 | 5.12 | 194 | 0.51 | 67 | 0.18 | 2 | 0.01 | 90 | 0.24 |
| 37 | КРАТОВО | 10441 | 10231 | 97.99 | 0 | 0.00 | 8 | 0.08 | 151 | 1.45 | 1 | 0.01 | 33 | 0.32 | 0 | 0.00 | 17 | 0.16 |
| 38 | КРИВА ПАЛАНКА | 20820 | 19998 | 96.05 | 0 | 0.00 | 2 | 0.01 | 668 | 3.21 | 3 | 0.01 | 103 | 0.49 | 2 | 0.01 | 44 | 0.21 |
| 39 | КРИВОГАШТАНИ | 6150 | 6126 | 99.61 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 8 | 0.13 | 0 | 0.00 | 6 | 0.10 | 0 | 0.00 | 10 | 0.16 |
| 40 | КРУШЕВО | 9684 | 6081 | 62.79 | 2064 | 21.31 | 315 | 3.25 | 0 | 0.00 | 1020 | 10.53 | 38 | 0.39 | 137 | 1.41 | 29 | 0.30 |
| 41 | КУМАНОВО | 105484 | 63746 | 60.43 | 27290 | 25.87 | 292 | 0.28 | 4256 | 4.03 | 147 | 0.14 | 9062 | 8.59 | 20 | 0.02 | 671 | 0.64 |
| 42 | ЛИПКОВО | 27058 | 169 | 0.62 | 26360 | 97.42 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 1 | 0.00 | 370 | 1.37 | 6 | 0.02 | 152 | 0.56 |
| 43 | ЛОЗОВО | 2858 | 2471 | 86.46 | 35 | 1.22 | 157 | 5.49 | 0 | 0.00 | 122 | 4.27 | 27 | 0.94 | 34 | 1.19 | 12 | 0.42 |
| 44 | МАВРОВО И РОСТУША | 8618 | 4349 | 50.46 | 1483 | 17.21 | 2680 | 31.10 | 10 | 0.12 | 0 | 0.00 | 6 | 0.07 | 31 | 0.36 | 59 | 0.68 |
| 45 | М. КАМЕНИЦА | 8110 | 8055 | 99.32 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 14 | 0.17 | 0 | 0.00 | 24 | 0.30 | 8 | 0.10 | 9 | 0.11 |
| 46 | МАКЕДОНСКИ БРОД | 7141 | 6927 | 97.00 | 0 | 0.00 | 181 | 2.53 | 3 | 0.04 | 0 | 0.00 | 22 | 0.31 | 1 | 0.01 | 7 | 0.10 |
| 47 | МОГИЛА | 6710 | 6432 | 95.86 | 34 | 0.51 | 229 | 3.41 | 6 | 0.09 | 0 | 0.00 | 2 | 0.03 | 0 | 0.00 | 7 | 0.10 |
| 48 | НЕГОТИНО | 19212 | 17768 | 92.48 | 30 | 0.16 | 243 | 1.26 | 453 | 2.36 | 14 | 0.07 | 627 | 3.26 | 1 | 0.01 | 76 | 0.40 |
| 49 | НОВАЦИ | 3549 | 3490 | 98.34 | 21 | 0.59 | 27 | 0.76 | 0 | 0.00 | 1 | 0.03 | 7 | 0.20 | 0 | 0.00 | 3 | 0.08 |
| 50 | НОВО СЕЛО | 11567 | 11509 | 99.50 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 3 | 0.03 | 0 | 0.00 | 25 | 0.22 | 2 | 0.02 | 28 | 0.24 |
| 51 | ОСЛОМЕЈ | 10420 | 110 | 1.06 | 10252 | 98.39 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 1 | 0.01 | 57 | 0.55 |
| 52 | ОХРИД | 55749 | 47344 | 84.92 | 2962 | 5.31 | 2268 | 4.07 | 69 | 0.12 | 323 | 0.58 | 366 | 0.66 | 29 | 0.05 | 2388 | 4.28 |
| 53 | ПЕТРОВЕЦ | 8255 | 4246 | 51.44 | 1887 | 22.86 | 75 | 0.91 | 134 | 1.62 | 0 | 0.00 | 415 | 5.03 | 1442 | 17.47 | 56 | 0.68 |
| 54 | ПЕХЧЕВО | 5517 | 4737 | 85.86 | 0 | 0.00 | 357 | 6.47 | 390 | 7.07 | 2 | 0.04 | 12 | 0.22 | 0 | 0.00 | 19 | 0.34 |
| 55 | ПЛАСНИЦА | 4545 | 34 | 0.75 | 20 | 0.44 | 4446 | 97.82 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 45 | 0.99 |
| 56 | ПРИЛЕП | 76768 | 70878 | 92.33 | 22 | 0.03 | 917 | 1.19 | 4433 | 5.77 | 17 | 0.02 | 172 | 0.22 | 86 | 0.11 | 243 | 0.32 |
| 57 | ПРОБИШТИП | 16193 | 15977 | 98.67 | 0 | 0.00 | 6 | 0.04 | 37 | 0.23 | 37 | 0.23 | 89 | 0.55 | 1 | 0.01 | 46 | 0.28 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 58 | РАДОВИШ | 28244 | 23752 | 84.10 | 8 | 0.03 | 4061 | 14.38 | 271 | 0.96 | 26 | 0.09 | 71 | 0.25 | 1 | 0.00 | 54 | 0.19 |
| 59 | РАНКОВЦЕ | 4144 | 4058 | 97.92 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 57 | 1.38 | 0 | 0.00 | 18 | 0.43 | 0 | 0.00 | 11 | 0.27 |
| 60 | РЕСЕН | 16825 | 12798 | 76.07 | 1536 | 9.13 | 1797 | 10.68 | 184 | 1.09 | 26 | 0.15 | 74 | 0.44 | 1 | 0.01 | 409 | 2.43 |
| 61 | РОСОМАН | 4141 | 3694 | 89.21 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 6 | 0.14 | 0 | 0.00 | 409 | 9.88 | 0 | 0.00 | 32 | 0.77 |
| 62 | СВЕТИ НИКОЛЕ | 18497 | 18005 | 97.34 | 0 | 0.00 | 81 | 0.44 | 72 | 0.39 | 238 | 1.29 | 71 | 0.38 | 1 | 0.01 | 29 | 0.16 |
| 63 | СОПИШТЕ | 5656 | 3404 | 60.18 | 1942 | 34.34 | 243 | 4.30 | 0 | 0.00 | 4 | 0.07 | 32 | 0.57 | 0 | 0.00 | 31 | 0.55 |
| 64 | СТАРО НАГОРИЧАНЕ | 4840 | 3906 | 80.70 | 1 | 0.02 | 0 | 0.00 | 1 | 0.02 | 0 | 0.00 | 926 | 19.13 | 0 | 0.00 | 6 | 0.12 |
| 65 | СТРУГА | 63376 | 20336 | 32.09 | 36029 | 56.85 | 3628 | 5.72 | 116 | 0.18 | 656 | 1.04 | 106 | 0.17 | 103 | 0.16 | 2402 | 3.79 |
| 66 | СТРУМИЦА | 54676 | 50258 | 91.92 | 3 | 0.01 | 3754 | 6.87 | 147 | 0.27 | 3 | 0.01 | 185 | 0.34 | 6 | 0.01 | 320 | 0.59 |
| 67 | СТУДЕНИЧАНИ | 17246 | 309 | 1.79 | 11793 | 68.38 | 3285 | 19.05 | 73 | 0.42 | 0 | 0.00 | 14 | 0.08 | 1662 | 9.64 | 110 | 0.64 |
| 68 | ТЕАРЦЕ | 22454 | 2739 | 12.20 | 18950 | 84.39 | 516 | 2.30 | 67 | 0.30 | 0 | 0.00 | 14 | 0.06 | 1 | 0.00 | 167 | 0.74 |
| 69 | ТЕТОВО | 86580 | 20053 | 23.16 | 60886 | 70.32 | 1882 | 2.17 | 2357 | 2.72 | 15 | 0.02 | 604 | 0.70 | 156 | 0.18 | 627 | 0.72 |
| 70 | ЦЕНТАР ЖУПА* | 6519 | 814 | 12.49 | 454 | 6.96 | 5226 | 80.17 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 25 | 0.38 |
| 71 | ЧАШКА | 7673 | 4395 | 57.28 | 2703 | 35.23 | 391 | 5.10 | 0 | 0.00 | 1 | 0.01 | 55 | 0.72 | 67 | 0.87 | 61 | 0.79 |
| 72 | ЧЕШИНОВО | 7490 | 7455 | 99.53 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 30 | 0.40 | 4 | 0.05 | 0 | 0.00 | 1 | 0.01 |
| 73 | ЧУЧЕР - САНДЕВО | 8493 | 4019 | 47.32 | 1943 | 22.88 | 0 | 0.00 | 23 | 0.27 | 16 | 0.19 | 2426 | 28.56 | 1 | 0.01 | 65 | 0.77 |
| 74 | ШТИП | 47796 | 41670 | 87.18 | 12 | 0.03 | 1272 | 2.66 | 2195 | 4.59 | 2074 | 4.34 | 297 | 0.62 | 11 | 0.02 | 265 | 0.55 |
| 75 | АЕРОДРОМ | 72009 | 64391 | 89.42 | 1014 | 1.41 | 430 | 0.60 | 580 | 0.81 | 501 | 0.70 | 3085 | 4.28 | 538 | 0.75 | 1470 | 2.04 |
| 76 | БУТЕЛ | 37371 | 22553 | 60.35 | 10266 | 27.47 | 1304 | 3.49 | 561 | 1.50 | 120 | 0.32 | 1041 | 2.79 | 970 | 2.60 | 556 | 1.49 |
| 77 | ГАЗИ БАБА | 72617 | 53497 | 73.67 | 12502 | 17.22 | 606 | 0.83 | 2082 | 2.87 | 236 | 0.32 | 2097 | 2.89 | 710 | 0.98 | 887 | 1.22 |
| 78 | ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 41634 | 35455 | 85.16 | 1597 | 3.84 | 368 | 0.88 | 1249 | 3.00 | 109 | 0.26 | 1730 | 4.16 | 489 | 1.17 | 637 | 1.53 |
| 79 | КАРПОШ | 59666 | 52810 | 88.51 | 1952 | 3.27 | 334 | 0.56 | 615 | 1.03 | 407 | 0.68 | 2184 | 3.66 | 98 | 0.16 | 1266 | 2.12 |
| 80 | КИСЕЛА ВОДА | 57236 | 52478 | 91.69 | 250 | 0.44 | 460 | 0.80 | 716 | 1.25 | 647 | 1.13 | 1426 | 2.49 | 425 | 0.74 | 834 | 1.46 |
| 81 | САРАЈ | 35408 | 1377 | 3.89 | 32408 | 91.53 | 45 | 0.13 | 273 | 0.77 | 0 | 0.00 | 18 | 0.05 | 1120 | 3.16 | 167 | 0.47 |
| 82 | ЦЕНТАР | 45362 | 38778 | 85.49 | 1415 | 3.12 | 492 | 1.08 | 974 | 2.15 | 459 | 1.01 | 2037 | 4.49 | 108 | 0.24 | 1099 | 2.42 |
| 83 | ЧАИР | 64823 | 15628 | 24.11 | 36971 | 57.03 | 4500 | 6.94 | 3083 | 4.76 | 78 | 0.12 | 621 | 0.96 | 2950 | 4.55 | 992 | 1.53 |
| 84 | ШУТО ОРИЗАРИ | 20800 | 1391 | 6.69 | 5516 | 26.52 | 56 | 0.27 | 13342 | 64.14 | 0 | 0.00 | 59 | 0.28 | 177 | 0.85 | 259 | 1.25 |

## *ГРАЃАНИТЕ ИМААТ ПРАВО НЕПОСРЕДНО ДА УЧЕСТВУВААТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА ПРАШАЊА ОД ЛОКАЛНА НАДЛЕЖНОСТ*

### Граѓанска иницијатива

Низ формата граѓанска иницијатива, граѓаните имаат право да му предложат на советот да донесе одреден акт или да реши одредено прашање од неговата надлежност. Граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

Во рок од 90 дена, советот е должен да расправа за иницијативата, доколку истата е поддржана од 10% од избирачите на општината, односно на месната (урбаната) заедница на која се однесува определеното прашање и да извести за одлуката.

### Собир на граѓани

Собирот на граѓани може да биде свикан за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месната самоуправа, на иницијатива на градоначалникот, на барање на советот или на барање на најмалку 10% од избирачите на општината, односно на месната (урбаната) заедница на кое се однесува определено прашање. Органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат заклучоците од собирот на граѓани, да ги земат предвид при одлучувањето и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

### Референдум

Преку референдум граѓаните може да одлучуваат за прашања од надлежност на општината, како и за други прашања од локално значење.

Референдум на локално ниво може да се распише за донесување пропис, за прашања што треба да се уредат во општината, градот Скопје и општините во градот Скопје (претходен референдум) или за проценување на пропис што претходно е донесен( дополнителен референдум).

Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20% од избирачите во општината. По сопствена иницијатива, советот може да распише референдум за прашања од негова надлежност.

Одлуката донесена на референдум е задолжителна за советот.

Референдум на локално ниво не може да се распише за прашања што се однесуваат на буџетот и завршната сметка на буџетот на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и за организација на општинската администрација.

Референдум на локално ниво не може да се распише за прашања за кои советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинско население во општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

**Претставки и предлози**

Граѓаните имаат право поединечно, или заедно со другите да доставувате претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација.

**Јавни трибини**

При подготовката на одредени прописи на општината, граѓаните имаат право да го изнесат своето мислење на јавни трибини и дебати организирани и спроведени од страна на советот на општината или градоначалникот.

## *ГРАЃАНИТЕ ИМААТ ПРАВО ДА БИДАТ ИНФОРМИРАНИ ЗА РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА*

Органите на општината, комисиите на советот и јавните служби основани од општината се должни, без надоместок да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите од значење за развојот на општината.

Општината е должна на граѓаните да им овозможи пристап кон основните информации за услугите што им ги обезбедува.

Седниците на советот се јавни, освен во случаи ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со статут.

Седниците на кои се расправа за буџетот на општината, годишната сметка на буџетот и за урбанистичките планови не може да бидат затворени за јавноста.

## *ГРАЃАНИТЕ ИМААТ ПРАВО ДА ЗНААТ КАКО СЕ ТРОШАТ НИВНИТЕ ПАРИ*

По истекот на фискалната година советот на општината донесува годишна сметка на буџетот на општината.

Годишната сметка ги содржи сите планирани и остварени приходи и расходи за сите општински буџетски корисници.

По донесувањето на годишната сметка, градоначалникот за нејзината содржина ја информира јавноста.

## *ГРАЃАНИТЕ ИМААТ ПРАВО НА МЕСНА САМОУПРАВА*

Во општината можат да се основаат облици на месна самоуправа, односно ***урбани заедници*** во градовите и ***месни заедници*** во другите населени места.

Жителите на урбаната, односно месната заедница, на собир на граѓани:

- Разгледуваат прашања, заземаат ставови, и изготвуваат предлози за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од вашата заедница.
- Можат да изберат совет на урбаната, односно месната заедница, во постапка утврдена во статутот на општината

Со статутот на општината поблиску се определуваат односите со органите на општината, работите од надлежност на градоначалникот чие извршување може да се делегира на претседателот на советот на месната самоуправа, начинот на обезбедување средства за делегираните работи.

## 2. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА

***ОПШТИНАТА Е НАДЛЕЖНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ВО СЛЕДНИВЕ ОБЛАСТИ:***

- Урбанизам
- Заштитата на животната средина и природата
- Локален економски развој
- Комунални дејности
- Култура
- Спорт и рекреација
- Социјална заштита и заштита на децата
- Образование
- Здравствена заштита
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра
- Противпожарна заштита
- Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност
- Други работи определени со закон

### *УРБАНИЗАМ*

- Општината носи урбанистички планови,
- издава одобренија за градење на објекти од локално значење,
- го уредува просторот и градежното земјиште,
- врши инспекциски надзор;

### *ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА*

- Општината презема мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштитата на природата, заштита од бучава и нејонизирачкото зрачење;

### *ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ*

- Општината го планира локалниот економски развој, утврдува приоритети, води локална економска политика, го подржува развојот на малите и средни претпријатија и претприемаштвото на локално ниво, учествува во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции, го промовира партнерството;

### *КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ*

- Општината е надлежна за снабдување со вода за пиење,
- испорака на технолошкота вода,
- одведување и прочистување на отпадните води,

- одржување на јавна чистота,
- јавно осветлување,
- јавен локален превоз;
- улична сообраќајна сигнализација,
- паркирање,
- изградба и одржување на пазарите,
- снабдување со природен гас и топлинска енергија,
- изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици,
- определување на имиња на улици, плоштади, мостови, во согласност со закон;

***КУЛТУРА***

- Општината е основач на локалните институции од областа на културата,
- се грижи за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети,
- организира културни манифестации,
- поттикнува различни форми на творештво;

***СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА***

- Општината е основач на спортските објекти од локален карактер,
- се грижи за развојот на масовниот спорт и рекреација,
- за одржувањето и изградбата на објекти за спорт,
- организира спортски приредби и манифестации,
- ги подржува спортските сојузи;

***СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА***

- Општината е основач на детските градинки и домовите за стари лица, се грижи за инвалидните лица, деца без родителска грижа, деца со посебни потреби, лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, воспитувањето на децата од предучилишна возраст, во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;

***ОБРАЗОВАНИЕ***

- Општината е основач на основните и средните училишта,
- се грижи за нивното финансирање и админисрирање, во соработка со централната власт,
- организира превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во училишни домови;

***ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА***

- Општината учествува во управувањето на јавните здравствени организации од примарна здравствена заштита со именување на членови во Управните одбори,
- се грижи за унапредување на здравјето, здравственото воспитување, превентивни активности, помош на пациенти со специјални потреби и др;

***ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ***

Општината спроведува подготовки и презема мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од:

- воени разурнувања,
- природни непогоди и
- други несреќи и од последиците предизвикани од нив;

***ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА***

Противпожарната заштита ја вршат 30 територијални противпожарни единици, лоцирани во:

- Скопје, Кратово, Пробиштип, Свети Николе, Виница, Валандово, Кавадарци, Македонски Брод, Ресен, Дебар, Струга, Крива Паланка, Делчево, Берово, Радовиш, Неготино, Крушево, Демир Хисар, Кичево, Гостивар, Велес, Куманово, Штип, Кочани, Струмица, Гевгелија, Прилеп, Битола, Охрид и Тетово.

## 3. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

**Градоначалникот:**

- Ја претставува и застапува општината
- Ја контролира законитоста на прописите на советот
- Ги објавува прописите на советот во службено гласило
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот
- Иницира и предлага донесување на прописи
- Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на општината
- Го извршува буџетот на општината
- Избира директори на јавните служби што ги основала општината, врз основа на јавен конкурс
- Редовно го известува советот за извршувањето на своите надлежности
- Решава во управни работи, за права, обврски и инереси на правни и физички лица, во согласност со закон
- Раководи со општинската администрација
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината

**Советот:**

- Го донесува статутот на општинатаи други прописи
- Донесува буџет и годишна сметка
- Ја утврдува висината на сопствените извори на финансирање, согласно закон
- Основа јавни служби и врши надзор над нивната работа
- Именува членови на управните одбори на јавните служби
- Усвојува програми за работа на јавните служби

- Ги усвојува извештаите за за извршување на буџетот и годишната сметка на општината
- Ги усвојува извештаите и годишните сметки за работа на јавните служби
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината
- Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на буџетот на општината, согласно закон
- Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината, во согласност со закон
- Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност, кој го доставува до министерот за внатрешни работи и до народниот правобранител

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА И НА НАЈЗИНИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ

**Општината се финансира од:**

- Сопствени извори на приходи;
- Приходи од персонален данок на доход;
- Дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите;

***ОПШТИНАТА САМОСТОЈНО РАСПОЛАГА СО ПРИХОДИТЕ ОД СОПСТВЕНИТЕ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ:***

**1. Локални даноци утврдени со закон:**

- данок на имот;
- данок на наследство и подарок утврден со закон;
- данок на промет на недвижности и
- други локални даноци утврдени со закон.

**2. Локални такси утврдени со закон:**

- комунални такси;
- административни такси;
- други локални такси утврдени со закон.

**3. Локални надоместоци утврдени со закон:**

- надомест за уредување на градежно земјиште;
- надоместоци од комунална дејност;
- надоместоци за просторни и урбанистички планови;
- други локални надоместоци утврдени со закон.

**4. Приходи од сопственост:**

- приходи од закупнина;
- приходи од камати;
- приходи од продажба на имот со чија што продажба не се нарушуваат јавните функции и надлежности на општините;

**5. Приходи од донации;**
**6. Приходи од парични казни утврдени со закон;**
**7. Приходи од самопридонес;**
**8. Други приходи утврдени со закон.**

***ВИСИНАТА НА ЛОКАЛНИТЕ ДАНОЦИ, НА ЛОКАЛНИТЕ ТАКСИ И НА ЛОКАЛНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ, ЈА УТВРДУВА ОПШТИНАТА, ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОН***

***Приходи од персонален данок на доход:***

- 3% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од физички лица наплатен во општината во која се пријавени;
- 100% од персонален данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност;

***Дотации од буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите***

Со дотациите од буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.

Од овие буџети се распределуваат следниве видови на дотации:

- **приходи од данок на додадена вредност;**
- **наменска дотација;**
- **капитална дотација;**
- **блок дотација;**
- **дотација за делегирана надлежност.**

**Приходи од данок на додадена вредност**

Приходите од данок на додадена вредност се обезбедуваат во висина од 3% од вкупно наплатениот ДДВ остварен во претходната фискална година.

Распределбата на приходите од ДДВ по општини, се врши согласно методологијата за распределба на приходите од ДДВ што ја утврдува Владата на Република Македонија.

***ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ДДВ И ОД ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК, ОПШТИНАТА ОДЛУЧУВА САМА***

**Наменска дотација**

Наменската дотација се користи за финансирање на конкретна активност.

Надлежните министерства му предлагаат на Министерството за финансии распределба на наменските дотации по општини по проект и институција.

**Капитална дотација**

Капиталната дотација врз основа на програма утврдена од владата на Република Македонија, се користи за финансирање на инвестициони проекти.

## Блок дотација

Блок дотацијата се користи за финансирање на надлежности утврдени со Законот за локална самоуправа, за областите: култура, социјална заштита и заштита на децата, образование и здравствена заштита. Финансирањето преку блок дотациите ќе отпочне во фтората фаза. Блок дотациите ќе се пренесуваат на одредена општина, тогаш кога надлежната Комисија ќе утврди дека општината има соодветен капацитет за финансиско управување, покажува добри резултати во финансиското работење во претходните 24 месеци, нема долгови кои ги надминуваат условите на плаќање што се вообичаени.

## Дотација за делегирана надлежност

Дотацијата за делегирана надлежност се користи за финансирање на делегирана надлежност од орган на државната управа на градоначалникот на општината.

# 5. ВАШИ ПРАШАЊА

### *Дали сите градоначалници имаат исти плати?*

Платата на градоначалникот зависи од бројот на жителите во општината. Согласно Законот што ја регулира оваа материја, врз основа на бројот на жителите на општината е определен и различен коефициент, врз основа на кој се пресметува платата на градоначалникот.

За градоначалник на општина до 10 000 жители, коефициентот е 2,7, до 25 000 жители, коефициентот е 2,9, до 50 000 жители 3,2 и за над 50 000 жители, коефициентот е 3,4.

Коефициентот за утврдување на платата на градоначалникот на град Скопје изнесува 3,7. Коефициентот се определува врз основа на просечната нето плата во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.

### *Колку изнесува надоместокот за присуство на седниците на членовите на Советот?*

За својата работа на седниците на Советот, членовите на Советот, што подразбира и Претседателот, имаат право на надоместок за присуство на седница, најмногу до 30 % од просечната нето плата исплатена во последните три месеци. Ова е надоместок за една седница, без оглед на нејзиното времетраење. Советот може да определи различен надоместок за членовите и за Претседателот, но највисокиот износ не смее да го надмине законски утврдениот лимит од 30 % од просечната нето плата во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.

### *Кој орган е надлежен за издавање на одобрение за градење?*

Согласно Законот за градење, градбите од трета, четврта и петта категорија се градби од локално значење и одобрение за градење за нив издава градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините на градот Скопје.

Во трета категорија се градбите наменети за основно и средно образование, за спортски дејности, од областа на културата, верски објекти, градби наменети за примарна и секундарна здравствена заштита, за социјална заштита, стопанска и индустриска градба, угостителска градба, деловна, станбено - деловна и и станбена градба, со висина над три нивоа и др.

Станбените градби до три нивоа се градби од четврта категорија, за што исто така одобрение за градење издава градоначалникот, како и за градби за мало стопанство со висина до две нивоа.

Градби од петта категорија се семејна куќа, меморијален споменик и спомен обележје, приземна стопанска градба во стопански двор, киоск и друга градба со монтажна конструкција, спортски терен, поставен рамно на теренот (игралиште за фудбал, тенис и сл.) и друго.

## ***Која е постапката за издавање на одобрение за градење?***

За добивање на одобрение за градење , градителот поднесува писмено барање до надлежниот орган. Заедно со барањето се поднесува и решение за локациски услови со идеен проект, комплетен основен проект, одобрена студија за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина и одобрена студија со оцена на квалитетот на сеизмичката заштита на објектот.

Одобрение за градба се издава во рок од седум дена од денот на прибирањето на комплетната документација.

Одобрението за градење престанува да важи доколку градителот не почне со изградба во рок од две години од денот на конечноста на одобрението за градење.

## ***Каде може да се обрати подносителот на барањето за одобрение за градба, доколку неговото барање е одбиено од страна на градоначалникот?***

Против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрение за градење, издадено од градоначалникот на општината, во рок од 15 дена од добивањето на решението, градителот може да поднесе жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, конкретно до министерот за транспорт и врски.

## ***Кој е надлежен и која е постапката за избор на директор на основно училиште ?***

Согласно Законот за основно образование, директорот на основното училиште го избира и разрешува градоначалникот, согласно постапка што е утврдена во истиот закон.

Три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор, градоначалникот донесува одлука училишниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор.

Училишниот одбор и претставникот од Бирото за образование вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите.

Училишниот одбор во рок од седум дена од извршениот разговор, на градоначалникот му предлага еден кандидат.

Во рок од 15 дена од добивањето на предлогот, градоначалникот го избира директорот.

Доколку градоначалникот во законскиот рок не избере директор, училишниот одбор повторно излегува со предлог од еден кандидат , кој градоначалникот е должен во рок од пет дена да го избере за директор.

## ***Кој го сочинува Училишниот одбор и кои се неговите надлежности ?***

Орган на управување во основното училиште е училишниот одбор.

- Училишниот одбор во малите училишта, до 24 паралелки, е составен од седум члена: двајца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите, двајца претставници од родителите, еден претставник од Министерството за образование и двајца претставници од основачот (општината).
- Во училиштата со над 24 паралелки, училишниот одбор е составен од девет члена: има по еден повеќе, или по тројца претставници од наставниците и од родителите.

### **Училишниот одбор:**

- донесува статут на основното училиште
- предлага годишна програма за работа И извештај за работа до советот на општината
- предлага финансиски план до основачот
- предлага завршна сметка
- објавува јавен оглас за избор на директор
- врши интервју со кандидатите за директор
- му предлага на градоначалникот кандидат за директор
- дава мислење до директорот за избор на наставниците
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето
- одлучува по жалбите на ученици и родители
- разгледува и други прашања утврдени со статутот на основното училиште

## *Кој е надлежен за определување на имињата на улиците ?*

Согласно Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, имињата на подрачјето на општината се определуваат со одлука донесена од советот на општината, а за подрачјето на градот Скопје, Советот на градот Скопје.

Одлуката се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинско население на општината, односно на градот Скопје.

Законот предвидува и постапка за определувања на имињата. Советите најпрво утврдуваат листа на имиња кои можат да бидат определени со географско, етнографско, историско и друго обележје, име на истакната личност од областа на историјата, науката и културата, други погодни имиња, како и имиња на значајни настани и датуми.

Советот ја утврдува листата по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

При утврдувањето на листата на имиња од страна на советот на град Скопје, општините од подрачјето на градот Скопје даваат мислење по истата.

Не може да се определи име на улица со кое се нарушува угледот на Република Македонија, се навредуваат националните чувства на граѓаните на нашата и на други држави, се нарушуваат односите меѓу заедниците, обичаите и јавниот морал.

Имињата на улиците можат да се определуваат и само со број.

Определувањето на имиња на улици не е задолжително за населените места кои имаат до 100 станбени објекти.

Името на улица, согласно Законот не може да има повеќе од четири збора.

Имињата на улиците се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Во општините каде најмалку 20% од граѓаните користат друг јазик, различен од македонскиот, имињата на улиците се пишуваат на македонски јазик и на јазикот што го користат најмалку 20% од граѓаните во општината.

## *Кој може да подига меморијални споменици и спомен обележја и кој е надлежен за издавање на одобренија за нивно градење?*

Согласно Законот за меморијални споменици и спомен обележја,  Меморијален споменик може да подига Собранието на Република Македонија.

Иницијативи за подигање меморијален споменик можат да дадат Собранието на РМ и органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, установи, здруженија на граѓани, фондации и други заинтересирани правни лица и граѓани.

Меморијални споменици се поединечни или група објекти или монументални дела од архитектурата, скулптурата, сликарството и применетата уметност со историски и уметнички содржини и вредности што се подигаат за трајно зачувување на споменот на настаните и личностите од чл. 2 на овој Закон, а кои се од исклучително значење за Република Македонија.

Спомен- обележје можат да подигаат општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

Иницијативи можат да даваат правни и физички лица, до советите на општините, на градот Скопје и советите на општините на градот Скопје, како и да вложуваат средства за подигање на спомен-обележје.

Спомен-обележја се бисти, скулптури, плочи, чешми, фонтани и други уметнички и и архитектонски дела и творби што со своите содржини и ознаки одбележуваат настани и личности од чл. 2 на овој закон или од народната традиција, кои се од локално значење.

Согласно Законот за градење, меморијалните споменици и спомен обележјата се градби од петта категорија. Овие градби се од локално значење и одобрение за градење издава градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините на градот Скопје.

# КОНТАКТИРАЈТЕ ЈА ВАШАТА ОПШТИНА

| ОПШТИНА | ГРАДОНАЧАЛНИК | ТЕЛ | ВЕБ СТРАНИЦА |
|---|---|---|---|
| Аеродром* | Кирил Тодоровски | 02/2400 970 | www.aerodrom.gov.mk |
| Арачиново | Музафер Бислими | 02/2579 803 | www.opstinaaracinovo.gov.mk |
| Берово | Венко Пашалиски | 033/471 023 | www.berovo.gov.mk; www.opstinaberovo.gov.mk |
| Битола | Владимир Талевски | 047/234 234 | www.bitola.gov.mk |
| Богданци | Ѓорге Петрушев | 034/ 222 333 | www.bogdanci.gov.mk |
| Боговиње | Невзат Елези | 044/371 500 | www.komunabogovine.gov.mk |
| Босилово | Ѓорѓе Манушев | 034/371 600 | www.opstinabosilovo.gov.mk |
| Брвеница | Џелал Рамадани | 044/456 005 | |
| Бутел* | Петре Латиновски | / | www.opstinabutel.gov.mk |
| Валандово | Николче Чурлиновски | 034/382 044 | www.valandovo.gov.mk |
| Василево | Славе Христов | 034/353-007 | www.opstinavasilevo.gov.mk |
| Вевчани | Васил Радиновски | 046/798 161 | www.vevcani.org.mk |
| Велес | Аце Коцевски | 043/232 966 | www.veles.gov.mk |
| Виница | Марјан Костадинов | 033/361 945 | www.vinica.org; www.opstinavinica.gov.mk |
| Вранештица | Ванчо Србаковски | 045/284 244 | www.vranestica.gov.mk |
| Врапчиште | Есат Салаи | 042/332 296 | / |
| Гази Баба* | Коце Трајановски | 02/3238 966 | www.gazibaba.gov.mk |
| Гевгелија | Драги Делев | 034/213 843 | www.gevgelija.gov.mk |
| Ѓорче Петров* | Сокол Митровски | 02/2039-307 | www.opstinagpetrov.gov.mk |
| Гостивар | Невзат Бејта | 042/217 234 | www.gostivari.gov.mk |
| Град Скопје | Трифун Костовски | 02/110 053 | www.skopje.gov.mk |
| Градско | Глигур Коцев | 043/251 522 | www.gradsko.gov.mk |
| Дебар | Аргетим Фида | 046/831 196 | www.dibra.gov.mk |
| Дебарца | Љупчо Којчиноски | 046/286 855 | www.debarca.gov.mk |
| Делчево | Мирко Иванов | 033/411 101 | www.delcevo.gov.mk |
| Демир Капија | Тодор Тошевски | 043/366 212 | www.demirkapija.gov.mk |
| Демир Хисар | Љупчо Најдовски | 047/203 055 | www.demirhisar.gov.mk; www.opstinademirhisar.gov.mk |
| Дојран | Ристо Гушев | 034/225 278 | www.opstinadojran.gov.mk |
| Долнени | Изудин Каришиќ | 048/453 218 | www.dolneni.gov.mk |
| Другово | Стојо Павлески | 045/266 100 | www.drugovo.gov.mk |
| Желино | Ќенан Алиу | 044/ 378 040 | / |
| Зајас | Руфат Хусеини | 045/254 434 | www.komunazajazit.gov.mk |
| Зелениково | Борче Гиевски | 02/717 046 | / |
| Зрновци | Благој Николов | 033/353 102 | www.zrnovci.gov.mk; www.opstinazrnovci.gov.mk |
| Илинден | Жика Стојановски | 02/2571 703 | www.ilinden.gov.mk |
| Јегуновце | Тони Коцески | 044/397 766 | www.opstinajegunovce.gov.mk |
| Кавадарци | Панчо Минов | 043/416 107 | www.kavadarci.gov.mk |
| Карбинци | Борис Гаврилов | 032/300 300 | www.karbinci.gov.mk |
| Карпош* | Андреј Петров | 02/3061 353 | www.karpos.gov.mk |
| Кисела Вода* | Џорџе Арсов | 02/2779 069 | www.kiselavoda.gov.mk |
| Кичево | Владимир Толески | 045/223 001 | www.kicevo.gov.mk |
| Конче | Стојан Лазарев | 032/630 325 | www.konce.gov.mk |
| Кочани | Љубомир Јанев | 033/270 075 | www.kocani.gov.mk |

# КОНТАКТИРАЈТЕ ЈА ВАШАТА ОПШТИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кратово | Мите Андоновски | 031/481 119 | www.opstinakratovo.gov.mk |
| Крива Паланка | Драги Трајчевски | 031/375 035 | www.krivapalanka.gov.mk |
| Кривогаштани | Горан Каравилоски | 048/471 281 | www.krivogastani.gov.mk |
| Крушево | Лефкија Гажоска | 048/477 061 | www.krusevo.net.mk |
| Куманово | Зоран Дамјановски | 031/425-127 | www.kumanovo.gov.mk |
| Липково | Беќир Сакипи | 031/463 180 | www.opstinalipkovo.gov.mk |
| Лозово | Јордан Павлов | 032/458 458 | www.opstinalozovo.gov.mk |
| Маврово и Ростуша | Фуат Дурмиши | 042/478 815 | www.rostuse.gov.mk |
| Македонска Каменица | Перо Митревски | 033/431-239 | www.makedonskakamenica.gov.mk |
| Македонски Брод | Милосим Војнески | 045/274 007 | www.mbrod.gov.mk |
| Могила | Славко Велевски | 047/296 466 | www.mogila.gov.mk |
| Неготино | Ѓорѓи Ќимов | 043/361045 | www.negotino.org.mk |
| Новаци | Лазар Котевски | 047/203 060 | www.opstinanovaci.gov.mk |
| Ново Село | Никола Андонов | 034/355 031 | www.novoselo.gov.mk |
| Осломеј | Саније Садику | 045/258 243 | / |
| Охрид | Александар Петрески | 046/262 469 | www.ohrid.com.mk |
| Петровец | Звонко Цветковски | 02/2562 239 | www.opstina-petrovec.gov.mk |
| Пехчево | Јованчо Станоевски | 033/441 321 | www.opstinapehcevo.gov.mk |
| Пласница | Фидаил Салифоски | 045/287 002 | www.plasnica.gov.mk |
| Прилеп | Маријан Ристески | 048/416 454 | www.prilep.gov.mk |
| Пробиштип | Душко Јовановски | 032/483 131 | www.probistip.gov.mk |
| Радовиш | Роберт Велков | 032/635 007 | www.radovis.gov.mk |
| Ранковце | Орце Тодоровски | 031/ 380 444 | / |
| Ресен | Димитар Бузлевски | 047/451 960 | www.resen.gov.mk |
| Росоман | Гоце Величковски | 043/441 331 | www.opstinarosoman.gov.mk |
| Сарај* | Имер Селмани | 02/2057 996 | www.saraj.gov.mk |
| Свети Николе | Слободан Даневски | 032/443 910 | www.svetinikole.gov.mk |
| Сопиште | Љупчо Мицковски | 02/2743 032. | www.sopiste.gov.mk |
| Старо Нагоричане | Власте Димковиќ | 031/495 333 | www.staronagoricane.gov.mk |
| Струга | Рамиз Мерко | 046/781 335 | www.struga.gov.mk |
| Струмица | Зоран Заев | 034/348 047 | www.strumica.gov.mk |
| Студеничани | Аљаудин Зекири | 02/724 005 | www.opstinastudenicani.gov.mk |
| Теарце | Рами Ќерими | 044/381 336 | www.tearce.gov.mk |
| Тетово | Хазби Лика | 044/335 499 | www.tetovo.gov.mk; www.tetova.gov.mk |
| Центар* | Виолета Аларова | 02/3225 352 | www.opstinacentar.gov.mk |
| Центар Жупа | Нузи Шахин | 046/840 239 | www.merkezjupa.gov.mk |
| Чаир* | Изет Меџити | 02/2616 860 | www.cair.gov.mk |
| Чашка | Стојан Маневски | 043/241 400 | www.caska.gov.mk |
| Чешиново - Облешево | Орце Митров | 033/355 801 | www.cesinovo.gov.mk |
| Чучер Сандево | Воислав Киранџиќ | 02/2666 606 | www.cucersandevo.gov.mk |
| Штип | Панде Сарев | 032/391 010 | www.stip.gov.mk |
| Шуто Оризари* | Енвер Ибраим | 02/2650 584 | www.sutoorizari.org.mk |

* = Општини во градот Скопје